Врз основа на член 42 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16) и Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Брегалница-Винички" бр.44-7931/1, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Брегалница-Штипски" бр.44-7931/2, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Вардар 1 - Гостиварски" бр. 44-7931/3, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Вардар 2 - Скопски" бр. .44-7931/4, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Вардар 4 - Велешки" бр. 44-7931/5, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Вардар 7 - Гевгелиски" бр. .44-7931/7, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Пчиња 1 Кумановски" бр.44-7931/11, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Пчиња 2 Скопски" бр.44-7931/12, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Крива Река 2 - Кратовско-Кумановски" бр. .44-7931/9, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Злетовска река" бр.44-7931/8, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Треска 1" бр. .44-7931/17 , Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Црна Река 1" бр. .44-7931/14, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Црна Река 2" бр. 44-7931/15, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Црна Река 3" бр. 44-7931/16, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Црн Дрим 1" бр. 44-7931/18, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Црн Дрим 2" бр.44-7931/20, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир "Охридски" бр.44-7931/10, Одлуката за започнување

постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Липково” бр.44-7931/13 година, Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шум” бр. 44-7931/19 година и Одлуката за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка” бр.44-7931/6 (“Службен весник на Република Македонија“ бр.187/17), Комисијата за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативните зони формирана од Владата на Република Македонија, со Решение бр. 44-8445/1-20 година од 19.12.2017 година, објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
## **за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони**

## *I ПРЕДМЕТ НА КОНЦЕСИЈА*

Предмет на концесијата е доделување на рибите за организирање на рекреативен риболов за период од шест години на:

1. Риболовен ревир “Брегалница-Винички“, кој го опфаќа делот од реката Брегалница од браната на акумулацијата “Калиманци” до вливот на Градечка река, вклучувајќи ја и река Осојница и сите притоки во овој дел од текот на Брегалница, како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.
2. Риболовен ревир “Брегалница-Штипски“, кој го опфаќа делот од реката Брегалница од вливот на Злетовска Река до селото Убого, вклучувајќи ги сите притоки во овој дел од текот на Брегалница (без Злетовска Река), како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.
3. Риболовен ревир “Вардар 1 - Гостиварски“, кој ги опфаќа водите од горното течение на реката Вардар и тоа од изворот на реката Вардар до уливот на Улеверичка Река, вклучително со притоките на Вардар: Равенска Река, Лакавичка Река и Река Мелца, како и притоките на Лакавичка Река: Симничка Река, Бигорска Река, Падалишка Река и Трновска Река, притоките Маздрача, Боговинска Река (со Боговинско Езеро), Улеверичка Река, Река Јахорка и водите од изворите во с. Чегране, како и сите стоечки води (природни езерца,

мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.

4. Риболовен ревир “Вардар 3 - Скопски“, кој го опфаќа течението на реката Вардар од дрвениот мост над с. Радуша до влив на река Пчиња, реката Лепенец од граница до влив во реката Вардар, Маркова Река, Моранска Река и Кадина Река во цело течение, реката Треска од акумулација Матка до влив во реката Вардар, како и сите стоечки води кои се наоѓаат во овој дел а не се наведени (природни езерца, мали и микроакумулации).
5. Риболовен ревир “Вардар 4 - Велешки“, кој го опфаќа течението на реката Вардар од вливот на реката Пчиња во реката Вардар до вливот на Црна Река во реката Вардар, реката Отовица во цело течение, целото течение од изворот до вливот во реката Вардар на реките Тополка и Бабуна  со притоките, дел од течението на Црна Река од браната Тиквеш до вливот во реката Вардар, делот на Брегалница од село Убого до вливот во реката Вардар, како и сите стоечки води (природни езерца, мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.
6. Риболовен ревир “Вардар 7 - Гевгелиски“, кој го опфаќа течението на реката Вардар од влив на Кованска Река до македонско-грчка граница, вклучително и Кованска Река, Луда Мара и сите останати поголеми и помали притоки на овој дел од текот на реката Вардар, како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.
7. Риболовен ревир “Пчиња 1 - Кумановски“, кој го опфаќа течението на реката Пчиња од македонско – српската граница до Ново Село, со притоките Бистрица, Драгоманска Река, Кумановка, Петрошница и Лука во целото нивно течение и Липковка од браната Липково до вливот, сите притоки на наведените реки, како и сите стоечки води (природни езерца, мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.
8. Риболовен ревир “Пчиња 2 - Скопски“, кој го опфаќа течението на реката Пчиња од Ново Село до вливот во реката Вардар со сите притоки и сите акумулации на тој дел, вклучително и рекреативната зона “Бадар” која ги опфаќа езерцата во месноста Бадар кои се направени како резултат на експлоатација на песок од сепарација.
9. Риболовен ревир “Крива Река 2 - Кратовско-Кумановски“, кој го опфаќа течението на Крива Река од вливот на Кратовска Река во Крива Река (вклучително и Кратовска Река), до вливот на Крива Река во Пчиња со сите притоки, како и сите стоечки води (природни езерца, мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.

10. Риболовен ревир “Злетовска река“, која ја опфаќа цела Злетовска Река од браната на акумулацијата “Кнежево” до вливот во реката Брегалница, вклучително и сите притоки, акумулацијата „Пишица” како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел на кои може да се организира рекреативен риболов.
11. Риболовен ревир “Треска 1“, кој го опфаќа делот од реката Треска од изворот до мостот на патот кој води од Кичево до с. Пласница (мостот е граница) со сите притоки на реката во тој дел од текот .
12. Риболовен ревир “Црна Река 1 - Демирхисарски“, кој го опфаќа делот на Црна Река од изворот до мостот кај с. Бучин (мостот е граница) со сите притоки на Црна Река во тој дел и микроакумулацијата “Стругово” во општина Демир Хисар.
13. Риболовен ревир “Црна Река 2 - Прилепски“, кој го опфаќа делот на Црна Река од мостот во с. Бучин до мостот на регионалниот пат Прилеп - Битола со сите притоки на Црна Река во овој дел (река Блато и нејзините притоки Прилепска Река, Стара Река, Строишка Река и др.) вклучително и микроакумулациите на тој дел “Плетвар”, “Небрегово”, “Десово”, “Чумово” и “Беловодица” (сите во општина Прилеп), како и “Прилепското Езеро”.
14. Риболовен ревир “Црна Река 3 - Битолски“, кој го опфаќа делот на Црна Река од мостот на регионалниот пат Прилеп - Битола до два километри пред вливот на реката Сатока во Црна Река и сите притоки кои се влеваат во Црна Река во овој дел, вклучително и река Сатока, како и микроакумулациите на тој дел “Ѓавато”, “Ротино”, “Трново”, “Црнеец”, “Тулана”, “Братиндол” (во општина Битола), “РЕК”, “Доброени”, “Дедебалци”, “Брод”, “Гнеотино”, “Ергела”- во близина на с. Врањевци, “Живојно”, “Рапеш”- нова брана и “Маково” (во општина Новаци) и “Лисолај” (во општина Могила).
15. Риболовен ревир “Црн Дрим 1“, кој го опфаќа течението на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро во Струга, крај хотел Дрим, низводно до вливот во вештачкото езеро - акумулација Глобочица, каде мостот во с. Ташмаруништа е граница. Во ревирот припаѓаат и реките Сатеска, од регулациониот објект северно од с. Волино (општина Дебарца) до вливот во реката Црн Дрим, Голема (или Збашка) Река од изворите до вливот во вештачкото езеро - акумулација Глобочица, каналот од Струшко поле, кој ги собира водите од Струшкото поле и од изворите во с. Шум, Беличка река од изворот до вливот во каналот на Струшкото поле, Лабунишка река од изворите до вливот во вештачкото езеро - акумулација Глобочица и Вевчанска река од изворите до вливот во реката Црн Дрим.
16. Риболовен ревир “Црн Дрим 2“, кој го опфаќа течението на реката Црн Дрим од браната на вештачкото езеро - акумулација Глобочица, низводно до вливот во вештачкото езеро - акумулација Дебарско езеро (Шпиље), 500 m низводно од мостот кој се наоѓа северно од

хидроцентралата "Глобочица". Во ревирот припаѓаат и реките: Јабланичка Река, од изворите до вливот во реката Црн Дрим и Модричка Река, од изворите до вливот во реката Црн Дрим.

17. Риболовен ревир "Охридски",кој го опфаќа течението на реките Сатеска, од изворот до регулациониот објект северно од с. Волино, Каналот на реката Сатеска, од регулациониот објект северно од с. Волино до вливот во Охридкото Езеро, Песочанка Река, од изворот до вливот во р. Сатеска, Голема Река, од изворот до вливот во реката Сатеска, Матица создадена од водите на изворите во селото Издеглавје и Слатинска река наречена " Поток ", од изворот до вливот во реката Сатеска, Матица создадена од водите кои истекуваат од Сини Вирој, од изворот до вливот во Голема Река, Коселска Река, од изворот до вливот во Охридско Езеро, Река Ќерава, од границата со Република Албанија до вливот во Охридско Езеро, сите токови кои се вливаат во Охридското Езеро, како и вештачките езера - акумулации - Требенишко и Слатинско.
18. Рекреативна зона „Акумулација Шум", која ја опфаќа целата површина на акумулацијата.
19. Рекреативна зона „Акумулација Матка", која ја опфаќа целата водена површина на вештачкото езеро - акумулација вклучувајќи го и делот на реката Треска кој се наоѓа помеѓу бранатa Света Петка (Матка 2) и вливот во акумулацијата Матка.
20. Рекреативна зона „Акумулација Липково", која ја опфаќа целата површина на акумулацијата и делот на Липковска Река од браната на Акумулацијата Глажња до вливот во акумулацијата Липково.

## *II ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ДОДЕЛУВА КОНЦЕСИЈАТА*

Концесијата на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовните ревири и рекреативните зони се доделува за период од шест години.

## *III ПРАВО НА УЧЕСТВО*

Право на учество на Јавниот повик за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовните ревири и рекреативните зони имаат домашни правни лица и странски правни лица доколку имаат регистрирано подружница во Република Македонија согласно со Законот за трговските друштва, немаат негативна референца за учество на Јавен повик и имаат подигнато тендерска документација.

Јавниот повик е делив по точки.

Еден ист понудувач може да достави понуда за повеќе точки од делот I на овој јавен повик.

## *IV РОК И ВАЖНОСТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ*

Краен рок за поднесување на понудите е **28.03.2018 година до 12:00 часот.**

Рокот на важност на понудата изнесува најмалку 120 дена сметано од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите.

Ќе бидат разгледувани само понудите за кои е подигната тендерска документација и се пристигнати во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до утврдениот рок.

Сите трошоци кои се во врска со подготовката и поднесувањето на понудата паѓаат на товар на понудувачот.

## *V АДРЕСА НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ*

Секој заинтересиран понудувач својата понуда ја доставува на следнава адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул.„Аминта Трети“, бр.2, 1000 Скопје.

Понудата се доставува преку пошта или со предавање во архивата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, секој работен ден од 9:00 до 15:00 часот.

## *VI ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИ*

Јавното отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (ул.„Аминта Трети“ бр.2, Скопје, Република Македонија) на **28.03.2018 година во 12:00 часот**.

## *VII ЈАЗИК НА ПОНУДАТА*

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

## *VIII ИЗДАВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И НАДОМЕСТОК ЗА ИЗДАВАЊЕ*

Тендерската документација се издава во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул.„Аминта Трети“ број 2, 1000 Скопје.

За подигнување на тендерската документација, заинтересираниот понудувач е должен да уплати неповратни средства во висина од 500 (петстотини) денари.

Уплатата треба да се изврши на следната сметка:

| | |
|---|---|
| Назив и седиште на примачот: | Министерство за финансии, Трезорска сметка |
| Банка на примачот: | НБРМ |
| Трансакциона сметка: | 100000000063095 |
| Износ: | 500 денари |
| Уплатна сметка: | 840 XXX 03161 |
| Приходна шифра и Програма: | 722313 00 |
| Цел на дознаката: | административна такса |

Во случај на доставување на повеќе понуди од еден ист понудувач за различни точки од делот I на овој јавен повик, понудувачот треба да има подигнато тендерска документација за секоја точка поединечно.

При подигнување на тендерската документација од архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство потребно е да се остават лични податоци, како и податоци за називот, седиштето, контакт телефон и e-mail адреса за субјектот за кој се подигнува тендерска документација.

## *IX ЛИЧНИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ, ТЕХНИЧКИ И ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ*

За докажување на личните, професионалните, финансиските и техничките услови кои треба да се исполнат за учество на Јавниот повик, понудувачите задолжително треба да ја достават следната документација:

1. За докажување на личната способност:

- изјава од одговорното лице во правното лице заверена на нотар, со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека правното лице или член на негов орган на управување или надзорен орган во последните пет години не се осудени со правосилна судска пресуда за следниве кривични дела: корупција, измама или перење на пари;
- потврда (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот), дека не е отворена постапка за стечај издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад;
- потврда (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот), дека не е отворена постапка за ликвидација издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад;
- потврда (уверение) за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот), издадена од Управата за јавни приходи не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад;

- потврда (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот) од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад;
- потврда (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот), од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад;
- потврда (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот) дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад;
- потврда (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот) дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад и
- потврда за понудувачот (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот), од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад.

2. За докажување професионална способност:

- потврда за регистрирана дејност – рибарство (ПРД образец оригинал или копија заверена од страна на понудувачот) издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад (ја доставуваат само правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва);
- потврда за регистрирана дејност (ПРД образец оригинал или копија заверена од страна на понудувачот) издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад (ја доставуваат само правни лица регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации - риболовни здруженија) и
- тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот) не

постара од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите station наназад.

3. За докажување финансиска способност:

- извештај за биланс на состојба и податоци од биланс на успех за последните три години (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот), издаден од Централен регистар на Република Македонија.

4. За докажување техничка способност:

- договор (оригинал или копија заверена на нотар) за порибување на риболовниот ревир/рекреативна зона склучен со регистриран репроцентар за периодот на времетраење на концесија, со наведени планирани количини за порибување вкупно за целиот шестгодишен период на концесија и планирани количини за порибување поединично по години;
- М1 и М2 образец (оригинал или копија заверена од страна на понудувачот), за најмалку еден вработен/и рибочувар/и или договор со Агенција за обезбедување имоти и лица за ангажирање на рибочувар/и;
- изјава за техничка опременост и оспособеност од одговорното лице во правното лице заверена на нотар со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека поседува или располага со потребната опрема за вршење на рибочуварската служба утврден во риболовната основа;
- изјава за рибочуварска служба од одговорното лице во правното лице заверена на нотар со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека ќе формира рибочуварска служба и ќе го вработи потребниот број на лица за вршење физичка заштита на рибите утврден во риболовната основа и дека истите ќе ја извршуваат таа обврска само во риболовниот ревир/рекреативна зона и
- изјава за број на членови од одговорното лице во правното лице заверена на нотар со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека во моментот на поднесување на понудата членуваат најмалку 50 членови во здружението (ја доставуваат само риболовни здруженија).

Покрај документацијата специфицирана во точка IX од овој Јавен повик, секој понудувач треба да достави:

- Пополнет Образец на понуда, заверен од страна на понудувачот и потпишан од одговорното лице на понудувачот или од него овластено лице, за што во прилог се доставува овластувањето потпишано и заверено од одговорното лице на понудувачот;
- Парафиран модел на Договор и
- Банкарска гаранција за учество во постапката (оригинал).

Доколку понудата не е комплетна, односно не ја содржи потребната документација, истата нема да биде предмет на евалуација.

## *X КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА*

Критериум според кој ќе се врши изборот на најповолна понуда е највисокиот концесиски надоместок изразен во проценти понуден на електронската аукција.

## *XI МИНИМАЛЕН ИЗНОС НА НАДОМЕСТОК ЗА КОНЦЕСИЈА*

Надоместокот за концесија на рибите за рекреативен риболов изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

## *XII ИМЕ И АДРЕСА НА НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ И КРАЈНИ РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ЖАЛБИ*

Надлежен орган за решавање по жалби во постапката за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони е Државната комисија за жалби по јавни набавки (бул.„Илинден“ бр.63А, 1000 Скопје, Република Македонија).

Жалба може да се изјави во рок од осум дена од денот на:

- објавувањето на Јавниот повик за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов во однос на податоците, дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од Јавниот повик,
- отворањето на понудите, во однос на дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија поврзани со тендерската документација, односно постапката за отворањето на понудите,
- истекот на рокот за донесување на Одлука за избор на најповолна понуда или Одлука за поништување на постапката во однос на пропуштањето за донесување на одлука за избор или за поништување на постапката во соодветниот рок,
- приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир/рекреативната зона , во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката, или
- за сознанијата за незаконско водење на постапката за доделување на договор за концесија за рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир/рекреативната зона , најдоцна во рок од една година од денот на завршување на спроведената постапка.

Комисија за спроведување на постапки за
доделување концесии на рибите за организирање
рекреативен риболов